

Grant Thornton

## ВРАБОТУВАМЕ

ПРАВЕН ОДДЕЛ · СКОПЈЕ · КАНЦЕЛАРИЈА-РАБОТА ОД ДОМА

# Правен советник

Грант Торнтон е фирма членка на Grant Thornton International Limited (GTIL), една од водечките организации во светот која обезбедува ревизорски, даночни и советодавни услуги кои им помагаат на динамичните клиенти да го поттикнат растот преку широк спектар на професионални услуги. Со нашите идеи, стандарди и посветеност создаваме квалитет и вредности за нас и нашите клиенти.
Аплицирајте и бидете дел од мултидисциплинарниот тим со повеќе од 70 правни професионалци кои работат заедно за да обезбедат решенија на клиентите од почеток до крај. Ќе имате можност за поддршка, како и флексибилност на мрежа од колеги од преку 62,000 вработени низ 135 земји.

**Доколку сакате да бидете дел од нашиот тим ви нудиме:**

- Пријателска и динамична работна средина во која можете да ги развивате своите вештини и компетенции со можност за соработка со врвни професионалци и советници за домашни и мултинационални корпорации со широк спектар на сектори,
- Можност за градење на однос со клиентите и развој на вашата кариера во нашата компанија,
- Нудиме одлични можности за секојдневно учење, надградување и постојан развој на кариерата,
- Континуирана обука и менторство,
- Рамнотежа помеѓу работниот и професиналниот живот,
- Хибриден начин на работа од канцеларија и од дома,
- Конкурентно наградување и надоместоци.

**Ваша улога и влијание во тимот:**

Нашата широка база на клиенти како и голема мрежа, која се состои од мали и големи корпорации, приватни предприемачи, старт-ап и големи претпријатија кои работат со широк спектар на сектори, ви нуди шанса да стекнете специфични знаења од различни индустрии.

- Учествува во изготвување на упатства, анализа на регулативи и други правни акти,
- Учествува во изготвување правни анализи, предвидувања и влијанија на регулативата во секојдневно работење,
- Следење, информирање за постојната легислатива како и усогласеност со тековните регулативи,
- Давање стручно мислење, правни совети за структуирање на трансакциите, изготвување договори и преговори, работи заедно во мултидисциплинарни тимови во рамките на друштвото (на пример со колеги од даноци, финансиско сметководтсво, ревизија, консалтинг итн),
- Овој принцип и систем на работа ви овозможува единствена можност да го проширите вашето знаење надвор од корпоративните правни аспекти и ви додава вредност како адвокат.
- Работа на мултинационални претпријатија со мешани меѓународни тимови при што во рамките на тимот и према клиентите вие ќе бидете прва точка на контакт.

**Ваши квалификации и компетенции:**

- Универзитетска диплома од Правен факултет,
- Најмалку 5 години работно искуство со широко искуство во трансакции, вклучувајќи корпоративни зделки, вработувања и работни односи, перење пари и финансирање тероризам, заштита на лични податоци,
- Како дополнителна предност ќе се смета искуство во делот на даночна регулатива,
- Ориентирани кон клиентите како и мотивација и желба да се заврши работата.
- Одлични аналитички, комуникациски и пишувачки вештини,
- Течно владеење на англиски јазик,
- Способност за одржување дискреција при справувањето со доверливи информации,
- Самодоверба и способност за работа по своја иницијатива и со ограничен надзор,
- Тимски играч.

Дали сакате да го откриете светот во една од големите глобани професинални провајдери? Придружете се на нашиот тим со испраќање на ваша кратка биографија на Careers@mk.gt.com најдоцна до 15.01.2023 година и заедно да ја обликуваме иднината. Напоменуваме дека ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на избор. Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост.